Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Бр. 03-504/1
21.01.2015 год
СКОПЈЕ

# Извештај

## за преземените активности на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во насока на следење на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и на изворите на финансирање во периодот од 01 јули до 31 декември 2014 година

**Јануари, 2015 година**

**СОДРЖИНА**

Вовед......................................................................................................3

Промени на сопственичката структура...............................................................4

Недозволена медиумска концентрација..............................................................5

Јавност во работата на радиодифузерите.........................................................6

Заклучни согледувања..........................................................................................7

## ВОВЕД

Овој извештај ги опфаќа активностите коишто во периодот од 01 јули до 31 декември 2014 година ги презеде Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст Агенцијата) во рамки на своите надлежности утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и во Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), а кои се во насока на заштита на плурализмот и разновидноста на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и обезбедувањето јавност во работењето на радиодифузерите.

Извештајот содржи три дела. Во првиот дел се прикажани активностите на Агенцијата при спроведување на промена на сопственичката структура на радиодифузерите, вториот се однесува на прашањето на недозволена медиумска концентрација, а во третиот дел се опфатени активностите на регулаторот во врска со следењето на исполнувањето на обврската на радиодифузерите за транспарентност на сопственоста и на изворите на финансирање.

## 1. ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА

Прашањата во врска со промените на сопственичката структура на радиодифузерите се уредени во Глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, насловена „Заштита на плурализмот и разновидноста на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги", а истите се доуредени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура, кој Агенцијата го донесе на својата 18-та седница одржана на 19.11.2014 година.

Во извештајниот период, по претходно добиено одобрение од страна на Агенцијата, беа спроведени две промени на сопственичката структура, и тоа кај една регионална телевизиска станица и кај една регионална радиостаница.

На 09 септември 2014 година, барање за издавање одобрение за промена на сопственичката структура до Агенцијата достави Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДОО од Скопје. Беше побарано одобрение за истапување на тогашните сопственици, физичките лица Авдула Меметај и Арлинда Меметај, и двајцата од Скопје, и за пристапување на правното лице Друштво за трговија и услуги МЕДИА ВОРЛД НЕВС ДООЕЛ од Скопје. Откако беше констатирано дека со предложените промени на сопственичката структура не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата ја одобри промената на сопственичката структура на овој радиодифузер.

Трговското радиодифузно друштво ГАУДЕАМУС РАДИО КЛАСИК ФМ ДООЕЛ од Скопје поднесе барање за промена на сопственичката структура на 29 септември 2014 година. Барањето беше некомплетно, па Агенцијата со допис побара од радиофузерот да ги достави документите кои недостасуваа. На 10 октомври 2014 година радиодифузерот ги достави потребните документи, со што Барањето беше комплетирано. Промената се однесуваше на истапување на физичкото лице Татјана Алексиќ од Тетово и пристапување на правното лице Друштво за трговија и услуги УРБАН ВЕЈВ ДОО од Скопје. Откако констатираше дека со планираната промена не се прекршуваат одредбите од Законот, Советот ја одобри истата.

## 2. НЕДОЗВОЛЕНА МЕДИУМСКА КОНЦЕНТРАЦИЈА

Во текот на ноември и декември 2014 година, користејќи ги единствените матични броеви на физичките лица кои се јавуваат како управители или основачи на радиодифузерите, како и единствените матични броеви на правните лица кои се основачи на радиодифузери, стручната служба на Агенцијата изврши увид во Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија за да констатира на кои други трговски друштва овие лица се јавуваат како основачи.

Целта на оваа проверка беше да се обезбеди следење на усогласеноста на работењето на радиодифузерите со одредбите од член 37 – Ограничувања за стекнување сопственост и член 39 – Недозволена медиумска концентрација од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14). Во членот 37 од Законот утврдени се ограничувањата за стекнување на сопственост кај радиодифузерите, односно предвидени се праговите до кои едно лице (физичко или правно) може истовремено да се јавува како сопственик на два или повеќе радиодифузери. Во членот 39 се наведени дејностите кои се смета дека се неспоиви со радиодифузната дејност, односно трговските друштва кај кои ни основачите, ни носителите на функција на управување во радиодифузерите, ниту пак самите радиодифузери не смеат да се јавуваат како основачи. Па така, наведено е дека недозволена медиумска концентрација во смисла на овој закон, ќе се смета дека постои доколку физички или правни лица кои се основачи на радиодифузери, како и физички лица кои се носители на функции на управување во радиодифузери, или пак самите радиодифузери се јавуваат истовремено како основачи на следните трговски друштва: издавач на печатен медиум којшто издава дневен весник што се дистрибуира на подрачјето на кое се емитува радио и/или телевизиската програма; новинска агенција; друштво за реклама и пропаганда; друштво за истражување на пазарот и јавното мислење; друштво за дистрибуција на аудиовизуелни дела; друштво за филмска продукција и оператор на електронски комуникациски мрежи кој обезбедува реемитување или емитување на радио/телевизиски програми. Исто така, недозволена медиумска концентрација постои и кога физички или правни лица кои се основачи на радиодифузери, како и физички лица кои се носители на функции на управување во радиодифузери се јавуваат истовремено како поврзани лица (согласно член 36) и како основачи на радиодифузери спротивно на одредбите од член 37.

Со извршениот увид не беа констатирани прекршувања на членовите 37 и 39 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кај ниту еден радиодифузер, односно беше констатирано дека ниту физичките и правните лица што се основачи на радиодифузерите, ниту пак носителите на функции на управување кај радиодифузерите не се јавуваат како основачи на радиодифузери спротивно на одредбите од член 37, ниту пак некој од нив е основач на трговско друштво чија претежна дејност е една од оние наведени во член 39 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## 3. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Согласно член 13 став 3 од Законот за медиуми, радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и изворите на финансирање во претходната година да ги објават на сопствената програма најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимка од објавата да и достават на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

На 23.07.2014 година беше извршен административен надзор на сите 140 радиодифузери, а во врска со исполнувањето на оваа обврска, со кој беше констатирано дека сите во целост ја исполниле оваа обврска.

На 21.11.2014 година беше направен редовен административен надзор со кој беше констатирано дека вкупно 137 радиодифузери ја исполниле оваа обврска, а на 28.11.2014 година беше направен редовен административен надзор над исполнувањето на оваа обврска од страна на една локална радиостаница, со кој беше констатирано дека и овој радиодифузер ја исполни оваа обврска.

Единствен радиодифузер којшто во текот на 2014 година не ја исполни обврската од член 13 став 3 од Законот за медиуми – најмалку три пати во текот на годината да ги објави податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и изворите на финансирање во претходната година на сопствената програма, во ударни термини и снимка од објавата да и достави на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на објавувањето беше локалната телевизија ТВ Нова од Куманово (дозволата на оваа телевизија престана да важи со Одлука на Советот на Агенцијата Уп 1 бр.08-138 од 08.01.2015 година, поради тоа што радиодифузерот во предвидениот рок не достави пријава за замена на дозволата за вршење радиодифузна дејност со нова дозвола за телевизиско емитување).

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Во втората половина на 2014 година беа донесени две одлуки за промена на сопственичката структура, и тоа на една регионална телевизија и на една регионална радиостаница. Одлуките со кои беше дозволено спроведување на промените беа донесени откако беше констатирано дека со промените не се прекршуваат одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во периодот кој го опфаќа овој Извештај беше извршен увид во податоците од Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија со цел да се констатира на кои други трговски друштва се јавуваат како основачи самите радиодифузери, нивните основачи и управители. При тоа не беше констатирано постоење на недозволена медиумска концентрација, односно повреда на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Обврската за објавување на податоците за сопственоста, одговорниот уредник/уредници и изворите на финансирање на радиодифузерите во претходната година, до вториот термин предвиден од страна на Агенцијата ја исполнија сите радиодифузери, а до третиот термин не ја исполни само една локална телевизија, која во овој период не емитуваше програма и чија дозвола престана да важи поради тоа што радиодифузерот не поднесе пријава за замена на дозволата во предвидениот рок.